Врз основа на член 112 од Законот за заштита и спасување ( „Службен весник на Република Македонија“ бр. 36/04 и 49/04), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 9.02.2006 година, донесе

# У Р Е Д Б А
# ЗА НАЧИНОТ НА РАКОВОДЕЊЕ И КОМАНДУВАЊЕ СО СИЛИТЕ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ И КОМАНДИТЕ

Член 1

Со оваа уредба се пропишува начинот на раководењето и командувањето со силите за заштита и спасување и командите.

Член 2

Со републичките сили за заштита и спасување раководи Главен штаб за заштита и спасување преку регионалните штабови за заштита и спасување, командите и командирите, а командуваат командирите на единиците на силите за заштита и спасување распоредени на територијата на Република Македонија.

Со силите за заштита и спасување во единиците на локалната самоуправа, трговските друштва, јавните претпријатија, установи и служби раководат штабови, а командуваат командири на единиците на силите за заштита и спасување за чии потреби се формирани.

Член 3

Главниот штаб за заштита и спасување раководи со сили за заштита и спасување на целата територија на Републиката и ги координира активностите на останатите учесници во акциите за заштита и спасување.

Член 4

Регионалните штабови за заштита и спасување, раководат со сите сили за заштита и спасување во регионот за кои се формирани и воедно ги координираат активностите на останатите учесници во акциите за заштита и спасување.

Во случај на употреба на сили за заштита и спасување од други региони, со акциите за заштита и спасување раководи регионалниот штаб за заштита и спасување во регионот во кој се ангажираат силите.

Во случај на употреба на сили за заштита и спасување на територија која опфаќа подрачја-региони, за кои се формирани повеќе штабови, Главниот штаб за заштита и спасување определува кој Регионален штаб за заштита и спасување ќе ги координира активностите со останати учесници во заштитата и спасувањето.

Член 5

Штабот за заштита и спасување на единицата на локалната самоуправа раководи со силите за заштита и спасување на подрачјето за кои се формирани.

Во случај на употреба на сили за заштита и спасување на територија која опфаќа повеќе подрачја од повеќе единици на локалната самоуправа, со акциите за заштита и спасување раководи регионалниот штаб кој го покрива ова подрачје, и ги координира активностите на останатите учесници.

Член 6

Штабовите при раководењето ги следат состојбите, ги координираат активностите и раководат со акциите за заштита и спасување.

Член 7

Штабовите при раководењето соработуваат со субјектите кои во мир и војна извршуваат задачи од заштитата и спасувањето.

Член 8

Со единиците на силите за заштита и спасување командуваат командите и командирите на формациските единици.

Одлуките што ги донесуваат штабовите со наредба на командантот се пренесуваат на командите и командирите за нивно непосредно извршување.

Член 9

Со денот на влегување во сила на оваа уредба престанува да важи Уредбата за организирање, подготвување и употреба на силите за заштита и спасување во делот за раководење и командување со силите за цивилна заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/03).

Член 10

Оваа уредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 19-388/1
9 февруари 2006 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
д-р **Владо Бучковски**, с.р.